Република Северна Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Агенција за управување со одземен имот
Бр.04- 264/7 од 27.01.2026
С К О П Ј Е

Врз основа на член 21 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 64/24, 37/25, 86/25,101/25), а во врска со член 20- г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија број 27/2014, 199/2014, 199/2014, 27/2016, и 35/2018 и („Службен весник на Република С.Македонија" број 143/19 и 14/20) и член 21 и 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/19, 267/20, 151/21 ,288/21, 111/23 ,39/25 и 74/25), директорот на Агенцијата за управување со одземен имот донесе

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат за вработување на 1 (едно) помошно техничко лице – чувар во Агенција за управување со одземен имот на неопределено време по Јавен оглас број 01/2026

1. За вработување на неопределено време на еден (1) извршител на работно место Помошно – техничко лице (Чувар Портир II) во Одделение за евиденција и преземање на одземен имот при Секторот за оперативно работење, со локација на работно место во Гевгелија, се избира кандидатот Марјан Папучиев.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Согласно Годишниот план за вработување за 2026 година, со арх.бр. 04-3410/13 од 26.12.2025 година, и по добиеното Известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со нивен арх.бр. 19-351/2 од 15.01.2026 (наш арх.бр. 04-121/7 од 15,.01.2026) и известувањето од директорот за отпочнување на постапка за спроведување на вработувањата согласно потребата за вработување од годишниот план, Агенцијата за управување со одземен имот на ден 21.01.2026 година објави Јавен оглас број 1/2026 (арх.бр. 04-264/1 од 20.01.2026)во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" и на веб страната на Агенцијата за управување со одземен имот: www.odzemenimot.gov.mk.

Јавниот оглас беше објавен за пополнување на едно (1) работно место помошно – техничко лице (**Чувар Портир II**) за еден извршител во Одделение за евиденција и преземање на одземен имот при Секторот за оперативно работење, во Агенција за управување со одземен имот. Директорот на Агенцијата за управување со одземен имот донесе Решение бр. 04-264/4 од 23.01.2026 година со кое е формирана Комисија за селекција за вработување на еден извршител со работно место помошно техничко лице – чувар на неопределено време. По спроведената постапка, Комисијата изготви

Записник од селекција за вработување на неопределено време по пат на јавен оглас, број 04-264/6 од 26.01.2026 година истиот го достави до директорот.

Врз основа на горенаведеното, директорот на Агенцијата за управување со одземен имот донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволните кандидати имаат право на заштита на своите права пред надлежниот суд во Скопје.

Директор
на Агенција за управување со одземен имот
Ирена Илиевска

Доставено до:
-Избраниот кандидат;
-Сектор за правни работи
-Одделение за управување со човечки ресурси; и
-Архива.